УДК. 342. 745 (494)

Марина ТАШКОВСКА

# ШВАЈЦАРСКИОТ СИСТЕМ НА ЦИВИЛНА ОДБРАНА

## Наместо вовед

Цивилната одбрана, како компонента на одбранбено-заштитниот систем на секоја земја, претставува област на човечкото ангажирање, која од ден на ден сé повеќе добива на значење и ги проширува појдовните детерминанти кои ја определуваат нејзината функционална инкорпорираност во современите одбранбено-заштитни ситеми. И покрај тоа што примарно, цивилната одбрана е детерминирана со војната и страдањето на цивилното население, суштински гледано нејзината функција денес од многу аспекти ја надминува политичката имплицираност и воената состојба. Имено, без оглед на тоа што организационо-функционалната поставеност на цивилната одбрана е во директна зависност од карактерот и обликот на општествено-политичкото уредување, нејзините фундаменти, сепак остануваат надвор од политичките влијанија. Неопходноста цивилната одбрана целосно, а особено нејзините организационо-функционални појавни облици да мораат да се засновуваат врз верификувани научни основи е изразена и низ аполитичкиот карактер на мноштвото загрозувања и опасности поради кои и е наметната потребата од таков вид заштитно организирање.

## 1. Развој на швајцарската цивилна одбрана

Швајцарскиот систем на цивилната одбрана е особено интересен. Станува збор за неутрална земја која, притоа, одржува висок степен на ангажираност при спроведувањето на мерките и задачите од заштитата.

Дали Швајцарија знае да предвиди од каде доаѓа опасноста? Дали предвидува затоа што може! Очигледно е дека може да направи спој помеѓу знаењето да предвиди и можноста да предвиди. Но како поинаку би можело да се објасни местото на неутралната Швајцарија во системот на цивилната одбрана ако се знае дека е меѓу оние држави во Европа за кои постои најмала веројатност дека ќе биде изложена на напад, а сепак има изградено најкомплетен систем на цивилна одбрана во светот.

Системот со кој раководи Федералната управа за цивилна одбрана (FOCD), опфаќа широк спектар на мерки и активности за заштита од опасности, вклучувајќи го нуклеарниот напад, потоа инвазија со употреба на конвенционално оружје, како и на мирновремените катастрофи.

Основната цел на Федералната управа за цивилна одбрана е да има од владата одобрен комунален простор за засолништа за заштита од ударен бран. А тој простор е најчесто во куќите или близу до нив за секој од приближно 6,5 милиони жители на Швајцарија[1]. Затоа, уште во почетокот на шеесеттите години Швајцарците започнале со реализација на задолжителната програма за изградба на засолништа. А по дваесеттина години швајцарскиот систем, покрај домашни засолништа за населението, обезбедува и 80 илјади легла во заштитни подземни болници и посебни засолништа за луѓето што работат во значајни индустриски објекти, кои со работа продолжуваат и во војна.[2]

Во 1971 година швајцарскиот парламент одобрил значаен документ за цивилната одбрана под наслов "Концепција". Тој документ, всушност, претставува основа за постоење програма за цивилната одбрана на земјата. Програмата ја прифаќа федералната одговорност за организирање непосредна заштита на населението, но признава дека најголем број мерки на цивилната одбрана треба да се спроведат на кантонално ниво или заедници. Концепцијата таа политика на цивилната одбрана ја оправдува со помош на четири образложенија - хуманитарно осигурување, одвраќање, контролирање на кризата и опстанокот на државата.

Првото образложение-хуманитарно осигурување, швајцарскиот програм најдобро го оправдува, бидејќи неговата заштита е секаде распростанета и е достапна за сите граѓани. Одвраќањето како образложение за својата програма за развој на цивилната одбрана, Швајцарија целосно не го исполнува, бидејќи таа не поседува способност за одвраќање на агресијата, и не е сигурно дека во тие услови цивилната одбрана ќе може многу да придонесе во уверувањето за одвраќање. Опстанокот на државата како образложение за развој на цивилната одбрана Швајцарија не успеа да го претвори во политика. Затоа таа обезбедува висок степен на специјална заштита со своето политичко раководство, а сосема поинаков обем и квалитет на заштита на населението.

Оттука, поттикнато од можноста цивилната одбрана релативно малку да придонесе за хуманитарното осигурување, одвраќање, контрола на кризата и опстанокот на државата во војна, непобитно е да се истакнат мирновремените функции на цивилната одбрана за заштита на граѓанинот, животната и работната средина, материјалните и културните добра од сите извори на загрозувања, глобални, еколошки, природни, технички и други (грижа на владата за своите граѓани, спречување на критиката за одбранбената политика, помош за решавање на внатрешни кризи и при-

---

[1] FOCD; "The 1971 Conception of the Swiss Civil Defence", Berne, FOCD, 1971

[2] FOCD; "Civil Defence Medical Service". Berne, FOCD, 1982, str. 6-7

донес за политичкиот рејтинг на државното раководство) кои се исклучително значајни и тесно поврзани со четирите наведени образложенија и имаат голема улога во значење на цивилната одбрана.

На секое од овие образложенија пресудно влијаеле пет фактори, специфично швајцарски, кои настојувале да го објаснат политичкиот успех на швајцарската "тотална одбрана", прашањето за нуклеарното оружје и просперитетот на државата.

Прво, швајцарската неутралнсот претставува специјален фактор кој влијае врз развојот на цивилната одбрана. Бидејќи долгата традиција на швајцарската оружена неутралност е во средиштето на значењето и успехот на швајцарската цивилна одбрана. Дотолку повеќе што неутралноста ѝ овозможила обемната програма за цивилна одбрана да се сфати како дел од долгата историја на обранбеното однесување, но кое не е во врска со офанзивни закани. Меѓународното почитување на швајцарската неутралност овозможува нејзината цивилна одбрана да не се смета за воинствена. Сепак, долгата традиција на таа неутралност, која придонела во креирањето на цивилната одбрана, е неразделна од швајцарската армија.

Второ, иако швајцарската цивилна одбрана не е под јурисдикција на вооружените сили, таа е цврсто поврзана со неа. Иако, можеби е претерано да се каже дека служењето на воениот рок го одржува единството на земјата. Но, бездруго, тоа сторило многу да го одржи единството на цивилната одбрана. Во цивилната одбрана се регрутираат само оние што не се опфатени со регрутација од армијата. Покрај тоа, цивилната одбрана не е алтернатива за вооружените сили, туку нивно дополнување.

По завршувањето на задолжителното периодично служење на воениот рок, секој способен маж, служи десет години во резервата на цивилната одбрана. Исто така, постои курс за младите до 20 години, кои потоа служат доброволно во цивилната одбрана. На тој начин е воспоставена цврста врска меѓу цивилната одбрана и служењето на воениот рок.

Трето, од аспектот на Федералната управа за цивилна одбрана, швајцарската цивилна одбрана значи повеќе од обезбедување физичка заштита на населението. Таа настојува на луѓето да им обезбеди и психолошка сигурност. Тоа е само една компонента од "тоталната одбрана", наспроти различните аспекти на современата војна. Цивилната одбрана не е само "средство" за пасивна одбрана, туку и "орудие" за обликување на политичката волја.

Иако е јасно дека швајцарските засолништа се изградени со цел да се ублажи дејството на нуклеарното оружје, на нив мора да се гледа како на дел од многу поширокиот поим "тотална одбрана". "Тоталната одбрана" е цврсто вкоренета во воеnото искуство на Швајцарците. Таа, всушност, е дел од нивното колективно паметење. Цивилната одбрана се смета за неразделен дел од "воената одбрана", "политичката одбрана", "економската одбрана" и "духовната одбрана".

Четвртиот фактор, нуклеарното оружје, има важни импликации врз развојот на швајцарската цивилна одбрана. Иднината тоа ќе го потврди или демантира, но во зависност од глобалните движења, во моментов изразени низ дилемата нуклеаризација-денуклеаризација на светот.

Во средината на педесеттите години швајцарската влада расправала дали унилатерално да се одрече од набавката на нуклеарно оружје. Таа дебата имала важни импликации врз развојот на цивилната одбрана. Дебатата за предностите на набавката на нуклеарното оружје помогнала швајцарската цивилна одбрана да се преориентира кон разгледување на дејството на тоа оружје, како и да размислува за непотпирање врз воените искуства од минатото.

И на крајот, петто, Швајцарија можеби не била во состојба да си дозволи сопствено нуклеарно оружје. Но, затоа си "дозволила" респективна цивилна одбрана и тоа благодарение на постојниот адут-моќното стопанство. Од бруто националниот доход по жител, кој е меѓу најголемите во светот, граѓаните на Швајцарија биле во состојба непосредно да надополнат дел од трошоците за цивилна одбрана. Преостанатите средства се обезбедени од даноците. Иако, богатството нужно не подразбира обемни подготовки зацивилна одбрана, секако е корисен услов за таков развој. Барем во демократска држава.

Тоа богатство, заедно со долгата традиција за оружена неутралност, широкото прифаќање на граѓаните за учество во армијата, воодушевеноста за "тоталната одбрана" и отсуството на нуклеарното оружје - го прават мозаикот на швајцарската цивилна одбрана мошне интересен.

### *1.1. Пет фази*

Развојот на швајцарската цивилна одбрана може да се подели на пет фази.

Првата фаза претставува почеток во изградбата на повоената цивилна одбрана. Тоа е период кога поголем дел од настојувањата да се создаде повоена програма за цивилна одбрана била под влијание на последиците од војната во Европа, а не од технолошкиот напредок и производство на нуклеарното оружје. И како последица на тоа најмалку дваесет години по завршувањето на Втората светска војна, Швајцарците ги усмерувале подготовките на цивилната одбрана за заштита на населението од случајно избувнување на уште една таква војна.

Во втората фаза од развојот се донесени два федерални закони за цивилна одбрана, кои имале важни импликации врз идниот развој на цивилната одбрана.

Првиот закон вовел задолжително служење во цивилната одбрана за сите способни и здрави мажи од 20 до 60 години старост, а кои не биле на отслужување на воениот рок во оружените сили [3].

---

[3] Loi Federal Sur le Protection Civile", 1962, стр.34 и 35

Според овој закон, задачите на цивилната одбрана вклучуваат и неколку видови "мерки за заштита и спасување" во кои спаѓаат: гаснење на пожари и противпожарна заштита, спасување на луѓе и имотот, заштита од поплави, евакуација на населението, грижа за повредените, неспособни и болни и помош на сиромашните и на оние без засолништа.[4]

Вториот закон за цивилна одбрана предвидува задолжителна изградба на засолништа во приватни куќи и згради во кои живееле преку илјада станари. А таму каде што не можело да се изградат доволно приватни засолништа, федералната влада е овластена да изгради јавни засолништа.[5]

Со овој закон е регулиран системот за субвенции. Според него федералната влада е должна да финансира помеѓу 10 и 20%, а кантоните и заедницата се задолжени да финансираат 30 до 40% од трошоците при изградбата на приватните засолништа.[6] На тој начин, од швајцарските граѓани во просек се барало да платат само половина од трошоците за засолништата.

Благодарение на овој закон до 1 јануари 1984 година, имало околу 5.500.000 места во "потполно заштитени засолништа", 1.300.000 места во импровизираните засолништа без "вештачка вентилација", изработени пред 1965 година.[7] На тој начин, може да се заклучи дека во Швајцарија во 1984 година било обезбедено потенцијално место во засолништата за секој од приближно 6,5 милиони жители.

Во третата фаза развојот на цивилната одбрана бил насочен кон превентивно користење на засолништата односно нивно превентивно и планско користење.

Во четвртата фаза швајцарската цивилна одбрана првенствено води грижа за заштита на населението и своето стопанство. За таа цел, таа ги презема сите потребни мерки за заштита на луѓето и основните добра, репроматеријали во претпријатијата, фабриките, индустриските објекти, училишта, болници, јавни административни служби и сл. и презема мерки за функционирање на наведените институции и установи и во услови на војна. Накратко: цивилната одбрана, создава по наше мислење, основен предуслов за опстанок на државата "во услови на војна".

И на крајот, во петтата фаза од развојот швајцарската цивилна одбрана повеќе се ангажира во случај на природни и технички катастрофи. Сите мерки и активности се преземаат, планираат и координираат на федерално ниво. А овие ангажирања се регулирани во Законот за цивилна одбрана, во кој се вели:

---

[4] Ibid, član 2

[5] Ibid, član 2

[6] Ibid, str. 20

[7] Civil Defence Belance per Lst, January, 1984, str.1

"Иако примарна задача на цивилната одбрана е да помогне во случај на неочекувани опасности или војни", исто така постои можност 'кантоните да ја мобилизираат цивилната одбрана во секој момент поради итна помош при катастрофи. [8]

И на крајот да заклучиме дека варијациите во ангажирањето на планот на цивилната одбрана не се произволни: тие се последица на политичките и сложените историски околности, кои се единствени за оваа држава. Исто така се работи за богати концепциски, организациски, оперативни и други решенија и искуства.

Денес, натамошниот развој на швајцарската цивилна одбрана мора повеќе да се прилагоди за остварување на своите функции и задачи во мир, со што ќе одговори на остварувањето на актуелните и на идните општествени и лични потреби на луѓето.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Вејл Џ. Лоренс: "Цивилна одбрана САД, Велика Британија, Швајцарска, СССР, Централна библиотека ЈНА, Београд, 1991
2. Vojinović M.Kujović O: "Civilna zaštita", NIRO, Zagreb
3. Vukanović Radovan: "Nuklearna strategija super sila, "August Cesarec" Zagreb, 1985
4. Green Brain: "The New Case For Civil Defense", 1984
5. Dumas, Marie-Lucu: 'Education civile et defense: Defense national 1989
6. Симпозиум о цивилној заштити неутралних земаља Европе (Аустрије, Швајцарске, Шведске и Финске), одржан 1988 у Швајцарској, ССНО, Београд, 1989
7. Сукљеник К. "Цивилна одбрана, ВИЗ, Београд 1976
8. FOCD: "The 1971 Conception of the Swiss Civil Defense, Berne: FOCD,1971
9. Loi Federal Sur le protection Civile", 1982
10. FOCD: "Civil Defence Medical Service", Berne, FOCD, 1982
11. Civil Defence Belance per lst Jannuary, 1984



Marina TAŠKOVSKA


## THE SCHUVESSERLAND SYSTEM OF CIVIL DEFENS

### (Summary)


The Schuvesserland system of civil defens is very interesting. Itis an neutral country which an higf level of working od uresurs and dutues of defens. The veryetiowes abaut working od pleu of civil defense are not anpresasly. They are result of many political and historical circurusteuses wficl are unik for this country.

Also, there is compliceited conceptional organisational operational and symilar solutions and expirions because of which the analitics always remeinted of it.


---

[8] Loi Federal Sur le Protection Civile, član 4